**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

**-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5237 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Изданијата на *Обсервер на Нова во 19 часот*, емитувани во периодот од 12 до 21 октомври 2016 година, го сочинуваат примерокот за мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Нова во петтиот извештаен период.

Анализирани се вкупно 5 часа и 32 секунди од вестите, од кои најголемиот дел – 4 часа 48 минути и 21 секунда се - извештаи, интервјуа, изјави и вести, односно прилози со информативни жанрови (Табела 1). Осврите и коментарите траат вкупно 12 минути и 11 секунди.

Во петтиот извештаен период, реализирани се неколку интервјуа во вестите (во живо или однапред снимени). Така, на 12 октомври, по повод промовирањето на новото гледалиште на Македонската опера и балет, со гала концерт, се разговара со Игор Дурловски, оперски пејач и директор на МОБ (2 минути и 54 секунди), а по повод изведбата на претставата „Бура", режирана од Дејан Пројковски, на сцената на Црногорскиот народен театар, се говори со Бранимир Поповиќ, Зорана Краљ и Пројковски (11 минути и 13 секунди). На 15 октомври, има разговор со Бранка Бугариска за отворањето на новата книжарница „Литература.мк" (4 минути и 25 секунди). На 18 октомври има интервју со универзитетскиот професор Сашо Кожухаров, во кое тој го коментира новодонесениот буџет за 2017 година (6 минути и 35 секунди). На 21 октомври се разговара со Миле Бошков од Конфедерацијата на работодавачи (10 минути и 54 секунди), а подлошка се податоците на Државниот завод за статистика за тоа дека просечната плата во август пораснала на 22.294 денари.

***Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Други субјекти | 00:49:33 | 17,03 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:35:12 | 12,10 % |
| Собрание на РМ | 00:23:10 | 7,96 % |
| СДСМ | 00:21:36 | 7,42 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:20:00 | 6,87 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:36 | 1,58 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:40 | 0,23 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:17:21 | 6,41 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:26 | 0,84 % |
| Специјално обвинителство | 00:14:42 | 5,05 % |
| Влада на РМ | 00:34:59 | 12,47 % |
| ДИК и други органи | 00:12:24 | 4,26 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:01 | 2,76 % |
| Судство | 00:06:48 | 2,34 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:50 | 3,38 % |
| Локална самоуправа | 00:01:29 | 0,51 % |
| Без субјекти | 00:06:04 | 2,09 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:01:30 | 0,52 % |
| Граѓански сектор | 00:06:46 | 2,33 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:06 | 0,38 % |
| Привремена комисија | 00:02:46 | 0,95 % |
| ДПА-ДР | 00:00:14 | 0,08 % |
| Унитети | 00:00:14 | 0,08 % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:14 | 0,08 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:57 | 0,33 % |
| АРМ | 00:03:45 | 1,29 % |
| Демократски сојуз | 00:01:58 | 0,68 % |
| | **Вкупно: 04:48:21** | **100 %** |

Според времето, односно присуството во вестите, најголем дел од прилозите се однесуваат на активности на различни субјекти, методолошки обединети во категоријата „*други субјекти*", меѓу кои влегуваат: оперски пејачи, актери, режисери, ДКСК, холандската компанија „Инофрут", Институтот Димитрија

Чуповски, Александар Трајков – телохранител на Заев, Регулаторната комисија за енергетика, поранешен шеф на дипломатијата, Аналитик тинк тенк, новинари, адвокати, ССК, Глобалната ревизорска куќа KPMG, поранешен министер за транспорт и врски, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Синдикатот на новинари итн.

Следуваат странските политичари, било да се во посета на Македонија или однадвор да даваат изјави кои се однесуваат на земјава, како и меѓународни институции и организации и сл.

Трета по застапеност е Владата, со активностите што произлегуваат од редовното извршување на функциите, меѓу кои и неколку прилози со позитивен контекст за нејзините проекти и резултати од политиките. Такви примери се: на 12 октомври „За три дена три нови инвестиции, нови 2600 вработувања" (2 минути и 41 секунда); на 14 октомври „Холандската 'Инофрут' го презема 'Агро Лозар'" (2 минути и 44 секунди); или „Почнува капиталниот проект за изградба на нов клинички центар во Скопје" (2 минути и 46 секунди), емитуван на 20 октомври, односно „Докторите ја поздравија изградбата на новиот клинички центар Мајка Тереза" (2 минути и 35 секунди) од 21 октомври.

Натаму, со мали временски разлики меѓу себе, следуваат Собранието на РМ, СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, а потоа и органите на државната управа, односно јавните претпријатија, Специјалното јавно обвинителство и Државната изборна комисија.

Во вестите се среќаваат, со мала застапеност, и информации за други политички партии/субјекти, како ДУИ, ДПА, Демократски сојуз, Обединети за Македонија, ГРОМ, независни пратенички, ДПА-ДР, Унитети и НДП на Весел Мемеди.

Директни обраќања подолги од 10 минути има само за субјектите од разноврсната методолошка категорија *„други субјекти"* (Табела 2).

***<u>Табела 2 – Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ НОВА | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 00:08:20 | 9,62 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:38 | 0,73 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:12 | 3,69 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:07 | 7,06 | % |
| Други субјекти | 00:16:03 | 18,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:09 | 3,63 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:27 | 1,67 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:18 | 7,27 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:29 | 0,56 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:55 | 1,06 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:14 | 3,73 | % |
| Влада на РМ | 00:09:27 | 10,90 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:19 | 2,67 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:08 | 9,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:42 | 0,81 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:56 | 4,54 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:31 | 0,60 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:29 | 8,63 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:47 | 0,90 | % |
| Јавно обвинителство | 00:00:33 | 0,63 | % |
| Судство | 00:00:53 | 1,02 | % |
| АРМ | 00:00:54 | 1,04 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Привремена комисија | 00:01:09 | 1,33 % |
| | **Вкупно: 01:26:40** | **100 %** |

Што се однесува до прилозите обработени во некој од аналитичките жанрови, на 12 октомври емитуван е освртот „За три дена три нови инвестиции, нови 2.600 вработувања" (2 минути и 41 секунда), кој претставува уште едно навраќање на странските инвестиции за кои се известуваше во претходните неколку дена, со изјава од Данчо Николовски - советник на премиерот за странски инвестиции. Истиот ден се емитува и освртот „Македонците сакаат да работат на менаџерски позиции" (2 минути и 43 секунди) со податоци од „Истражувањето на вклученоста на младите на пазарот на труд" и изјави од соговорничка која не е идентификувана и од универзитетскиот професор Марјан Петревски.

На 21 октомври се емитува освртот „Катица Јанева си го вработила и внукот од сестра во СЈО" (4 минути и 13 секунди) во кој се преиспитуваат вработувањата во Специјалното јавно обвинителство од аспект на поврзаноста на новоработените со обвинител(к)ите или со политички партии. Се зборува за вработувањето на внукот на Јанева, Ѓорѓи Делиџаков и на Борче Трајковски, за кого се вели дека медиумите објавиле оти е осуденик за измама и потешки дела од областа на безбедноста во сообраќајот, жесток критичар на власта. Пренесена е изјавата на обвинителката Ленче Ристовска во која таа го потврдува вработувањето на Трајковски бидејќи, како што вели, ги исполнувал условите од конкурсот за вработување. Прекажани се исто така, и критичките ставови на новинарот Васко Ефтов и на професорката Билјана Ванковска. Истиот ден се емитува и осврт „Докторите ја поздравија изградбата на новиот клинички центар Мајка Тереза" (2 минути и 35 секунди), во кој Телевизијата се навраќа на најавата на министерот за здравство Никола Тодоров за изградба на нов клинички центар Мајка Тереза за која беше известено претходниот ден - при објавувањето на тендерот во официјалниот гласник на Европската Унија. Како повод за реактуелизација се користат позитивните ставови за градбата од проф. д-р Александар Шиколе, директор на Клиниката за нефрологија и проф. д-р Бисерка Ќаева, директорката на Клиниката за пулмологија.

Досегашниов опис е веродостоен приказ на начинот на известување во дневно-информативната емисија *Обсервер на Нова* во 19 часот, но тој не е веродостојна претстава за известувањето на ТВ Нова во дневно-информативните емисии. Имајќи предвид дека, согласно Методологијата, предмет на мониторингот е вкупната програма на радиодифузерите, со мониторингот е констатирано дека медиумот, во повеќе наврати, носи уредничка одлука, во *Обсервер на Нова во 19 часот* да известува на различен начин за политичките партии и за актуелности од општествено - политичкиот живот отколку во другите дневно-информативни емисии. Притоа, ова не се однесува само на утринските и дневните изданија, кога најчесто има настани што се случуваат во моментот на известување и кои Телевизијата, согласно својот формат, ги покрива во живо, туку и во вечерните изданија, во 20 и во 22 часот. Медиумите се независни во својата уредувачка политика, но следниве неколку примери покажуваат дека одлуката резултира со тоа – мониторираното издание на вестите да биде нерепрезентативно за дневно-информативните емисии, дури и за вестите во ударното време:

- На 14 октомври:

Во *Дневен бриф на Нова* во 16 часот, има вклучување во живо од МОБ при кое се информира за панел-дискусијата на ВМРО ДПМНЕ во која фокусот се става на економијата. Во прилогот, означен со телопите „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност" и „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ отворени 160.000 нови работни места" (9 минути и 43 секунди) има дел од обраќањата на вицепремиерот за економски прашања Владимир Пешевски, министерот за финансии Кирил Миноски, директорот на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони Виктор Мизо, министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, а поентите од обраќањето на заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Ванчо Костадиновски се прекажани;

Во *Бизнис навигаторот* во 17 часот, има јавување во живо проследено со телопите „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност", „ВМРО ДПМНЕ: отворени се 160.000 работни места", „Рекордни капитални

инвестиции во буџетот“ (13 минути и 43 секунди) при што се емитуваат делови од обраќањата на Владимир Пешевски, Кирил Миноски, Виктор Мизо, Владо Мисајловски и Ванчо Костадиновски. Потоа се емитува извештајот што се репризира во *Обсервер на Нова* во 19 часот за најавата за „Викендот на отчетност“ со изјава од членот на Извршниот комитет на партијата и вицепремиер и министер за здравство Никола Тодоров; се најавуваат вклучувања од наредните панел-дискусии и се повторуваат поенти од обраќањето на министерот Пешевски.

Во *Бизнис навигаторот* во 18 часот, има јавување во живо „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност“ (11 минути) кое започнува со најава дека во моментот тече панел-дискусија на која зборуваат директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов и заменик - министерот за образование и наука Спиро Ристовски, и оти нивните изјави ќе се емитуваат подолу во вестите. Се прави ретроспектива на панел-дискусијата од економијата со деловите од обраќањата Владимир Пешевски, Кирил Миноски, Виктор Мизо и Владо Мисајловски, а потоа се пренесуваат клучните пораки од дискусијата за образованието и спортот и се емитуваат делови од обраќањата на Марјан Спасески, Диме Спасов и Спиро Ристовски, по што се најавува вклучување во живо од другите панели.

Во *Обсервер на Нова* во 19 часот се емитува „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност“ (2 минути и 36 секунди) со изјава од членот на Извршниот комитет на партијата и вицепремиер и министер за здравство Никола Тодоров.

Веднаш потоа, во *Обсервер на Нова* во 20 часот, има јавување во живо „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност“ (9 минути и 2 секунди), со прилог во кој е сублимирана панел-дискусијата за економските прашања со делови од обраќањата на Владимир Пешевски, Кирил Миноски, Виктор Мизо, Владо Мисајловски и Ванчо Костадиновски. Потоа се информира за панел-дискусијата за спортот и образованието со делови од обраќањата на Марјан Спасески, Диме Спасов и на Спиро Ристовски.

*Обсервер на Нова* во 22 часот има прилог илустриран со телоп „ВМРО ДПМНЕ најави Викенд на отчетност“ (7 минути и 5 секунди) со извештај од панел-дискусијата на ВМРО ДПМНЕ на која зборуваат владините функционери Кирил Миновски, Владимир Пешевски, Виктор Мизо, Владо Мисајловски и Ванчо Костадиновски. Од економските теми се префрлаат на образованието, социјалната политика, спортот, каде говорници се Марјан Спасески, Диме Спасов и Спиро Ристовски. Ова издание на Обсервер на Нова се репризира по полноќ.

Освен ова, истиот ден, во *Бизнис навигаторот* во 17 и 18 часот, по информацијата за тоа дека холандската компанија „Инофрут“ го презема „Агро Лозар“, се емитува изјава на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски „За четири дена четири нови инвестиции“ (околу 2 минути и 20 секунди) во која тој се осврнува на значењето на оваа странска инвестиција. Во информативните изданија во 20 и во 22 часот - изјавата е опремена со телопот „Се бориме за секое работно место“. Оваа изјава не е емитувана во *Обсервер на Нова* во 19 часот, иако е емитуван истиот прилог за преземањето.

Исто така, во *Обсервер на Нова* во 19 часот, по прилогот со најавата за отчетот на ВМРО ДПМНЕ, се известува за соопштение од СДСМ со реакција на оваа партија „СДСМ: Време е да одговарате“ (41 секунда). Во другите информативни изданија оваа информација не е емитувана.

- На 15 октомври:

Во *Ново утро на Нова* во 9 часот, се емитуваат прилозите за преземањето на „Агро Лозар“ од страна на холандската компанија „Инофрут“ и изјавата на Никола Груевски опремена со телоп „Груевски: Четврта инвестиција за 6 дена, се бориме за секое работно место“. Следуваат неколку прилози со сублимати од панел-дискусиите на ВМРО ДПМНЕ од претходниот ден (вкупно траат 9 минути): „ВМРО ДПМНЕ организира Викенд на отчетност“, „ВМРО ДПМНЕ: Отворени се 160.000 работни места“, со делови од обраќањата на Владимир Пешевски, Кирил Миноски, Виктор Мизо, Владо Мисајловски и Ванчо Костадиновски; потоа „Викенд на отчетност“ со Марјан Спасески, Диме Спасов и Спиро Ристовски; по што следува „Арсовска-Томовска: Планираме да го воведеме широкопојасниот интернет како универзална услуга“, со дел од обраќањето на министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска-Томовска

Истите прилози за отчетот се емитуваат во *Ново утро на нова* во 10 часот.

Во *Ново утро на Нова* во 11 часот има јавување во живо со најава за новите панел-дискусии, што ќе се одржуваат дента - „Втор ден од панел-дискусијата на отчетност на ВМРО ДПМНЕ" (2 минути и 25 секунди), по што се репризираа прилозите за првиот ден од отчетот, емитувани во претходните изданија на ова дневно-информативна емисија.

Во вестите *Во зенит со Нова* во 13 часот, ново јавување во живо од панел-дискусиите со телоп „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ на тема 'За здрав живот" (4 минути и 24 секунди), со делови од обраќањата на вицепремиерот и министер за здравство Никола Тодоров, директорката на Детската клиника д-р Аспасија Софијанова и прекажани изјави на директорот на ФЗОМ Сашо Стефановски и на државната секретарка во Министерството за животна средина и просторно планирање Соња Липиткова.

*Во зенит со Нова* во 14 часот, има вклучување во живо во кое се најавува скориот почеток на панелот организиран од Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ, а потоа се рекапитулира панел-дискусијата за здравството. Прилогот е опремен со телопи „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ на тема 'За здрав живот" и „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ" (5 минути и 37 секунди), со делови од обраќањата на Никола Тодоров, д-р Аспасија Софијанова и прекажани поенти од обраќањето на Соња Липиткова, по што следува пренос во живо „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ 'улогата на жената во општествениот и политичкиот живот" (11 минути и 53 секунди), во текот на кое можат да се проследат обраќањата на Даниела Рангелова, членка на Извршниот комитет на ВМРО ДПМНЕ и пратеничката Лилјана Кузмановска.

*Во зенит со Нова* во 15 часот, има јавување во живо „Втор ден од панел дискусијата на отчетност на ВМРО ДПМНЕ" (7 минути и 48 секунди), во кое се разговара со Даниела Рангелова, потоа прилог со потсетување на панел-дискусијата за ветераните на ВМРО ДПМНЕ со делови од обраќањата на Дијана Трнталовска, Мане Јаковлевски, Иван Соколов, Љубиша Георгиевски, па најава за уште две панел-дискусии – „Внатрешна и надворешна политика и одбрана" и „Европа и младите".

Во следното дневно-информативно издание - *Обсервер на Нова во 19 часот*, нема прилог за панел-дискусиите на ВМРО ДПМНЕ одржани дента.

Во *Обсервер на Нова* во 20 часот, има директна комуникација со репортерот кој ја следи панел-дискусијата со пратеници „На услуга на народот", и има прилози (10 минути и 23 секунди) „Решение на политичката криза па преговори за членство во ЕУ" со министерот за надворешни работи Никола Попоски, потпретседателот на Собранието Антонио Милошоски, заменичката-министер за правда Билјана Бришкоска, и директорот на Бирото за јавна безбедност Митко Чавков и прекажана изјава на министерот за одбрана Зоран Јолевски; потоа следува прилог за дискусијата за здравството со дел од обраќањето на Никола Тодоров; за панелот на унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ со дел од обраќањето на Даниела Рангелова. Подоцна во вестите има прилог „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ посветена на ветераните на ВМРО ДПМНЕ" со Дијана Трнталовска, Мане Јаковлевски, Иван Соколов и прекажана изјава на Љубиша Георгиевски (3 минути и 6 секунди). Потоа следува пренос во живо од тековната дискусија „Втор ден од панел дискусијата на отчетност на ВМРО ДПМНЕ (21 минута и 13 секунди).

Во *Обсервер на Нова* во 22 часот се емитуваат три прилози од отчетот на ВМРО ДПМНЕ во МОБ со вкупно траење од 9 минути и 55 секунди „Решение на политичката криза, па преговори за членство во ЕУ", прилог за политичката криза и државната безбедност со делови од обраќањата на Никола Попоски, Антонио Милошоски, Билјана Бришкоска и Митко Чавков; потоа „ВМРО ДПМНЕ ги претстави реформите и проектите реализирани во здравството" и прилог за напредокот во борбата за правата на жените со директни обраќања на Никола Тодоров, односно на Даниела Рангелова, а подоцна во вестите уште еднаш е прикажан и прилогот „Како се формираше ВМРО", со обраќањата на Дијана Трнталовска, Мане Јаковлевски и Иван Соколов. Ова издание на вести е репризирано околу 1 часот по полноќ.

- На 16 октомври:

*Ново утро на Нова* во 9 часот има директно јавување со најава за големиот собир што ќе се одржи дента и рекапитулација на претходниот ден. Целината трае 14 минути и 44 секунди, а е обележана со следниве телопи „Голем собир на ВМРО ДПМНЕ во салата Борис Трајковски", „ВМРО ДПМНЕ ги претстави

реформите и проектите реализирани во здравството", „Решение на политичката криза, па преговори за членство во ЕУ" и „Како се формираше ВМРО".

Во *Ново утро на Нова* во 10 часот се репризира целината емитувана претходниот час, со тоа што последниот дел - „Како се формираше ВМРО", се емитува откако се реализира разговор во живо со претседателот на Општинскиот комитет на партијата од Охрид Атанаско Михаилов „Симпатизери на ВМРО ДПМНЕ со автобуси се упатуваат на собирот во Скопје" (сè вкупно трае 15 минути и 33 секунди).

Во дневно-информативното издание *Во зенит со Нова* во 11 часот има директно јавување и разговор во живо со Александар Колев, претседател на Општинскиот комитет на партијата во Велес, означено со телопи „Голем собир на ВМРО ДПМНЕ во салата 'Борис Трајковски" и „Велешани на пат кон Скопје на собирот во спортскиот центар 'Борис Трајковски" и прилог со разговорот со Атанаско Михаилов и изјави од охриѓани „Симпатизери на ВМРО ДПМНЕ со автобуси се упатуваат на собирот во Скопје" (8 минути и 40 секунди).

Во наредното *Во зенит со Нова* во 13 часот, вестите започнуваат со прилогот „Голем собир на ВМРО ДПМНЕ во салата „Борис Трајковски". Прилогот почнува со вклучување пред салата Борис Трајковски два часа пред одржување на народниот собир. Репортерот известува за големиот број граѓани кои се упатиле кон Скопје за народниот собир, споделува цитати од Илија Димовски и прави рекапитулација на панел-дискусиите кои се одржаа претходните два дена во МОБ. По вклучувањето пред Борис Трајковски, прилогот продолжува со директно вклучување од Куманово каде е реализиран разговор со првиот човек на ОК на ВМРО ДПМНЕ од Куманово со телоп „Граѓаните на Куманово доаѓаат на масовниот собир". Следи разговор со Александар Колев – претседател на ОК Велес со телоп „Велешани на пат кон Скопје на собирот во спортскиот центар „Борис Трајковски", а потоа прилог со телоп „Поддршка за масовниот собир и од Струмица", разговор со учесник во овој настан. По ова, има прилог за граѓаните упатени кон Скопје од Прилеп, телоп „Колона од десетици автобуси и комбиња од Прилеп се упати кон Скопје". Целината во вестите трае 11 минути и 29 секунди.

Во *Дневен бриф на Нова* од 18 часот, емитуван е прилог „Голем народен собир на ВМРО ДПМНЕ", извештај од народниот собир одржан во салата Борис Трајковски истиот ден. Следи директно обраќање на Никола Груевски од народниот собир (18 минути и 55 секунди).

Во *Обсервер на Нова* од 19 часот се емитува извештај од народниот собир одржан во салата Борис Трајковски „Голем народен собир на ВМРО ДПМНЕ", со дел од обраќањето на Никола Груевски од народниот собир (3 минути и 18 секунди).

Во *Обсервер на Нова* од 20 часот, вестите започнуваат со прилогот „Голем народен собир на ВМРО ДПМНЕ". Извештајот од настанот вклучува и обраќање на Никола Груевски од народниот собир. Прилогот во вестите од 20 часот е во траење од 14 минути и 53 секунди. Во овие временски рамки, одвоени се 42 секунди за реакцијата на Зоран Заев – пренесен Фејсбук статус од претседателот на СДСМ.

Во *Обсервер на Нова* од 22 часот вестите започнуваат со прилогот „Голем народен собир на ВМРО ДПМНЕ" (5 минути и 17 секунди). Следуваат два прилози со реакцијата на Зоран Заев и инсерти од отвореното студио со траење од 4 минути и 39 секунди. По овие прилози повторно во вестите има навраќање на говорот на Никола Груевски од народниот собир со телоп „Груевски најави четири нови инвестиции" (4 минути и 19 секунди). Во ова издание на вестите, посветени се 9 минути и 36 секунди за народниот собир и пораките кои ги упати претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

Дека станува збор за конкретна уредничка одлука за тоа што ќе се емитува, одосно нема да се емитува во *Обсервер на Нова* во 19 часот, посочува и изданието од 18 октомври. Прилогот насловен „Кадровски смени во МВР, обвинувања за партизација" се емитува во информативните изданија во 17, 18 и во 22 часот. Во 19 часот прилогот е пуштен и запрен, што презентерот на вестите го објасни како технички пропуст. Прилогот не се емитува и во кусите вести од 20 часот, кои траат 16 минути.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебатни емисии*

Мониторингот за овој десетдневен период започнува во утринските часови на 12 октомври со репризно издание на дебатната емисија *Аргументи.* Во студиото гостите Благоја Марковски – генерал во пензија и Никола Србов – историчар дебатираат на темата „75 години од почетокот на антифашистичката револуција“. Уште една реприза на оваа емисија е емитувана истиот ден на пладне.

На 13 октомври во редовниот термин за емисијата *Аргументи* во 20 часот и 30 минути, гостуваат политичките аналитичари Ристо Никовски и Ацо Станковски. Тема на дебатата е „Услови за избори има. Ќе има ли избори“. Реприза се емитувани на преминот од 13 кон 14 октомври и утредента по 5 часот наутро и на пладне.

На 14 октомври во дебатната емисија *Отворено студио* со Анита Петровска-Рајковиќ, гости во студиото се Филип Петровски – директор на Државен архив и Никола Србов – историчар. Тема на дебата е објавувањето на едицијата „Црните страници на УДБА“. Репризни изданија се емитувани на полноќ истиот ден и двапати на 15 октомври - утрото по 7 часот и околу пладне.

На 15 октомври во 18 часот во *Отворено студио на албански јазик* емитувано е интервју со заменик-министерот за внатрешни работи на РМ Агим Нухиу. Истиот ден во дебатната емисија *Отворено студио* гостуваат политичките аналитичари Сотир Костов и Никола Србов, како и Бобан Утковски – бранител. Тема на дебата е „Колку се безбедни граѓаните?“. Реприза од ова издание на *Отворено студио* се емитувани на преминот од 15 кон 16 октомври како и наутро во 7 часот и околу пладне.

На 17 октомври во 12 часот и 17 минути емитуван е колаж од акценти од повеќе дебатни емисии на ТВ Нова - „75 години од почетокот на Антифашистичката револуција“: Никола Србов, историчар, Благоја Марковски, генерал во пензија; „Македонија има фудбалска иднина“: Илчо Ѓорѓиоски, претседател на ФФМ, Игор Ангеловски, селектор на фудбалска репрезентација, Благоја Милевски, селектор на селекцијата до 21 години, Саша Ќириќ, спортски директор; „Услови за избори има. Ќе има ли избори?“ Ристо Никовски, поранешен амбасадор, Александар Станковски, политички аналитичар; „СЈО vs ОЈО“: Сотир Костов, аналитичар и поранешен обвинител и Валентин Зафиров, адвокат, поранешен судија; „Црните досиеја на УДБА“: Филип Петровски, директор на Државниот архив на РМ, Никола Србов, историчар.

Истиот ден, во редовниот термин за премиерното издание на емисијата *Аргументи* со Љубиша Николовски, гостуваат Сашо Клековски – политички аналитичар и Ненад Марковиќ – политолог. Тема на дебата е „Како до изборите, што по изборите“. Првата редовна реприза од емисијата е прикажана истиот ден на полноќ и уште две следниот ден наутро по 5 часот и напладне.

На 18 октомври во рамки на дебатната емисија *Аргументи,* гостува Петре Шилегов, претставник на СДСМ. Во емисијата на тема „До изборите и по нив“ предвидено е да гостува и претставник и од ВМРО ДПМНЕ, но како што соопшти водителот Николовски, тој не биле во можност да дојде поради предизборни обврски. Реприза се емитувани на преминот од 18 кон 19 октомври, како и следниот ден по 5 часот и на пладне.

На 19 октомври емисијата *Аргументи* продолжува со серијата разговори со претставници на политички партии. Гостин во ова издание е Илија Димовски – член на ИК на ВМРО ДПМНЕ. Тема на разговорот е иста како и минатото издание на *Аргументи* „До изборите и по нив“. Реприза се емитувани истиот ден околу полноќ и на 20 октомври по 11 часот и 30 минути.

На 20 октомври во редовниот термин на емисијата *Отворено студио – дебата на ТВ Нова,* гостуваат Миле Јанакиевски, поранешен министер за транспорт и врски и Елизабета Канческа-Милевска, министерка за култура. Во студиото бил поканет и претставник од Специјалното јавно обвинителство, но поради работни обврски тие не се присутни. Тема на дебатата е „Прави ли СЈО обид за политичка пресметка?“, тема која е посветена на последните случаи на СЈО, „Топлик“ и „Тендери“ во кои гостите се

јавуваат како осомничени. Првата редовна реприза од емисијата е прикажана на преминот од 20 кон 21 октомври, а уште две реприи се емитувани наутро по 5 часот и напладне.

На 21 октомври дебатната емисија *Аргументи* продолжува со серијата разговори со претставници на политичките партии. Овој пат гостин во емисијата е лидерот на политичката партија ГРОМ – Стевче Јакимовски. Тема на разговор е „До изборите и по нив". Редовна реприза е емитувана истиот ден на полноќ.

*Интервју*

На 13 октомври, по вестите во 20 часот, емитувано е кратко интервју со Зоран Јолевски – министер за одбрана на РМ. Тема на интервјуто е Армијата на Република Македонија, условите за работење, мигрантската криза и справувањето со неа итн.

На 17 октомври, во рамки на вестите – *Бизнис навигатор,* има е интервју со претседателот на Собранието на РМ Трајко Вељановски. Повод за ова гостување е распуштањето на Собранието и распишувањето на парламентарните избори.

На 20 октомври во 22 часот и 50 минути емитувано е интервју со претседавачот на самитот Македонија 2025 – Зоран Мартиновски. Истото интервју е репризирано уште два пати на 21 октомври.

На 21 октомври во текот на денот емитувани се неколку кратки интервјуа со претставници и учесници на самитот Македонија 2025: со Мајкл Мизрахи – професор на Азрели колеџот во Израел, еден од говорниците на самитот Македонија 2025, првпат е емитувано во 8 часот и 45 минути. Истото интервју е уште трипати репризирано во текот на денот; со Мајк Зафировски – еден од основачите на организацијата Македонија 2025, емитувано во 21 часот и 35 минути; со Вера Ставров – заменичка-претседавач на Одборот на директори на Македонија 2025. Интервјуто е емитувано во 21 часот и 45 минути.

*Други информативни програми*

На 13 октомври, нешто пред 13 часот, се емитува репортажа од изградбата на патот Миладиновци – Штип. ТВ Нова ги покажува градежните работи долж автопатот, а новинарот на терен вклучува и тонски обраќана од министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски и од директорот на ЈП за јавни патишта, Александар Стојанов. Изјава дава и надзорниот инженер, а потоа во облик на дијалог му реферира на министерот Мисајловски за досегашната работа. Покрај премиерното издание, оваа репортажа е репризирана уште четири пати: на 13 октомври и на 14 октомври пред 14 часот, а на 15 октомври околу 13 часот и 30 минути и околу 18 часот и 30 минути, со тоа што репризата на 14 октомври трае 5 минути и 16 секунди, бидејќи е прекината со директно вклучување во панел-дискусијата на ВМРО ДПМНЕ од МОБ.

На 14 октомври, почнувајќи некаде пред 15 часот, ТВ Нова се вклучува во живо во панел-дискусијата на ВМРО ДПМНЕ во просториите на МОБ. Преносот се емитува со наслов „Панел дискусија: 160.000 нови работни места", а говорниците се најавени со нивните државнички функции: Владимир Пешевски, вицепремиер за економски прашања, Кирил Миноски, министер за финансии, Владо Мисајловски, министер за транспорт и врски, Виктор Мизо, директор на ТИРЗ и Ванчо Костадиновски, заменик-министер за земјоделство. Модератор на дискусијата е Александар Ѓорѓиев, најавен како портпарол на Владата. Говорниците се осврнуваат на проектите кои ги реализирала владата на ВМРО ДПМНЕ и за идните планови. Преносот трае 54 минути и 5 секунди.

На 15 октомври, нешто по 14:30 часот, ТВ Нова се вклучува со директен пренос во панел-дискусијата на ВМРО ДПМНЕ од просториите на МОБ. Темата е „Улогата на жената во општествениот и политичкиот живот", а покрај модераторот Александар Ѓорѓиев (портпарол на Владата), учесници во дискусијата се Даниела Рангелова, пратеничка, Валентина Божиновска, директорка на Комисијата за односи на верските заедници, Жанета Чаушевска, градоначалничка на општина Градско и Лилјана Кузмановска, пратеничка. Преносот трае 21 минута и 20 секунди.

На 15 октомври, по 16 часот почнува Отворено студио на ТВ Нова посветено на отчетноста на партиите. Емисијата почнува со линковско вклучување во МОБ, каде што се очекува почетокот на нова панел-дискусија на партијата ВМРО ДПМНЕ. Соговорник на репортерот на Нова е Антонио Милошоски, претставен како потпретседател на Собранието и поранешен министер за надворешни работи. Следуваат два прилога посветени на досегашните панел-дискусии, првиот „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ: 'Улогата на жената во општествениот и политичкиот живот'", во кој има директни обраќања на Валентина Божиновска, директорка на Комисијата за односи на верските заедници и Даниела Рангелова, член на ИК на ВМРО ДПМНЕ и вториот „Панел дискусија на ВМРО ДПМНЕ посветена на ветераните на ВМРО ДПМНЕ" во кој директни или пренесени изјави имаат Дијана Трнталовска, Мане Јаковлевски, Иван Соколов и Љубиша Георгиевски.

По овој вовед во Отворено студио почнува дебата со истата тема „Отчетноста на партиите". Гости се професорите Тони Науновски и Александар Даштевски, претседателот на институтот „Интегра", Љупчо Ристовски и новинарот Деан Андоновиќ. Новинарот Андоновиќ на средина на дебатата ја напушта емисијата и на негово место доаѓа уметникот Марјан Камиловски.

На 16 октомври, неколку минути по 15 часот е емитувано вонредно издание на Отворено студио. Водителката Билјана Василева Трендафилова почнува со рекапитулација на активностите на партијата ВМРО ДПМНЕ во „Викендот на отчетност". Додека таа зборува телевизијата се вклучува во живо од СЦ „Борис Трајковски", каде што треба да почне народниот собир на паријата ВМРО ДПМНЕ, а потоа ја пренесува атмосферата и со тон од пред салата и во неа во траење од приближно пет минути, со наслов „Голем собир на ВМРО ДПМНЕ во салата 'Борис Трајковски'".

Емисијата продолжува со интервју со Иванка Додовска, универзитетска професорка, со која ја анализираат отчетноста на владејачката партија, условите за изборите на 11 декември, анкетата на Институтот „Димитрија Чуповски" и политичката криза на РМ. Додека трае интервјуто со Додовска, во позадина има кратки вклучувања во живо без тон од народниот собир и од пристигнувањето на лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски. Водителката го прекинува разговорот и од студиото се вклучуваат во СЦ „Борис Трајковски", и во следните 70 минути во целост е пренесен говорот на Никола Груевски.

По завршувањето на говорот, продолжува емисијата Отворено студио со дебата на тема „Отворен е патот за предвремени избори", а учесници во неа се универзитетската професорка Иванка Додовска и политичките аналитичари Петар Арсовски и Владимир Божиновски.

Емисијата се репризира двапати истиот ден, во 20:25 и во 23:25 часот и еднаш на 17 октомври од 5:16 часот. За разлика од премиерното издание, во коешто беше емитуван целосниот говор на Никола Груевски, во репризните изданија се презентираат исечоци кои вкупно траат околу пет минути.

На 20 октомври, петнаесетина минути пред 2 часот, ТВ Нова емитува програма насловена „Ударни вести", во која директно се вклучува пред МВР за да ги пренесе изјавите на Митко Чавков, директор на Бирото за јавна безбедност, Оливер Андонов, заменик-министер за внатрешни работи и на Владимир Атанасовски, директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Како наслови на емисијата се појавуваат „Јанева во обид да изрежира сценарио", „Чавков: СЈО прави конструкции". Целата содржина трае 19 минути.

Потоа, нешто по 2 часот почнува ново издание на „Ударни вести", во кое, во живо од пред МВР, се емитува интервју со Оливер Андонов, дополнителен заменик-министер за внатрешни работи. Како наслови на емисијата се појавуваат „Упад на СЈО: Јанева во обид да изрежира сценарио".

Истиот ден, нешто пред 4:40 часот почнува уште едно издание на вонредната програма насловена „Ударни вести". Водителката Анита Петровска прави рекапитулација на најновите случувања поврзани со СЈО, УБК и МВР, а потоа се емитуваат изјави од специјалните јавни обвинителки Катица Јанева и Ленче Ристовска, од Оливер Андонов, дополнителен заменик-министер за внатрешни работи и од Митко Чавков, директор на БЈБ. Во текот на целата емисија стои насловот „Упад на СЈО: Јанева во обид да изрежира сценарио". Емисијата трае 14 и пол минути.

На 20 октомври, неколку минути пред 15 часот почнува информативното издание *Во зенит со Нова*, во чии рамки се врши пренос во живо од прес-конференцијата на министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска. Целата содржина трае 50 минути и 47 секунди.

Емисијата продолжува со вклучување во живо во прес-конференцијата на дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи Оливер Андонов. Преносот трае 17 минути и 14 секунди.

***Сектор за програмски работи***